Инспектор од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерство за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за Социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија„ број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014), донесе

**З А К Л У Ч О К**

Постапката поведена на ден 13.02.2015 година за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Гевгелија , се запира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспектор за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерство за труд и социјална политика, изврши вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Гевгелија на ден 13.02.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија„ број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014), подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз негова основа.

При инспекцискиот надзор не се констатирани неправилности во остварувањето на правото на социјална парична помош**,** за што е составен записник број 16-1540/1 од 16.02.2015 година.

Со оглед на наведеното, согласно член 41 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија„ број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), се донесе Заклучок како во диспозитивот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерство за труд и социјална политика на ден 16.02.2015 година под број 16-1540/2

**Упатство за правно средство:** против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на овој заклучок преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектор за социјална заштита:**
**Блага Челева**